РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**ДО:**

**Друштво за производство, трговија и услуги**

**ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** ***Доставување на Одлука***

Почитувани,

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во прилог на овој допис Ви ја доставува следната Одлука, донесена на седницата одржана на 01.2.2024 година:

- Одлука за продолжување на одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје.

Со почит,

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Rr. Maqedonia nr. 25, pallati Llazar Pop-Trajkov – kati i 6 • 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faks: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
УП1 Бр./Nr. 12-6/24
01-02-2024 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 46 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22), и член 24 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 февруари 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Со оваа одлука се врши продолжување на лиценцата за снабдување со електрична енергија издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје со Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/14, 176/16, 15/17, 65/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 280/20).

2. Продолжувањето на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на носителот при што истата се продолжува за период од десет години имајќи го во предвид датумот на издавање на лиценцата.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. "Партизански Одреди" бр.16-1/Скопје-Центар (во понатамошниот текст: Друштво), на 4 јануари 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија, УП1 бр. 12-6/24 од 4 јануари 2024 година (во понатамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 12 јануари 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 14, односно од Прилог 2 Образец БЛ 14 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат. Друштвото го комплетираше Барањето на 30 јануари 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр.02-162/1 од 31 јануари 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 1 февруари 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* и член 24 став (3) од

Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-6/24**
**1 февруари 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

изготвил: Биљана Д. Вердел
контролирал: Мирјета Тахири
одобрил: Наташа Вељановска